ТП ММ РЕВИЗИЈА Радовиш
Илија Алексов број 102
www.mmrevizija.mk e-mail: info@mmrevizija.mk

ЈПВ ЛИСИЧЕ Велес

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
за годината завршена на 31 декември 2023 година
со Извештај на независниот ревизор

ММ Ревизија

Радовиш, април 2024 година

ТП ММ РЕВИЗИЈА Радовиш
Илија Алексов број 102
www.mmrevizija.mk e-mail: info@mmrevizija.mk

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
за годината завршена на 31 Декември 2023 година
со извештај од независниот ревизор

СОДРЖИНА

	Страна
Извештај на независниот ревизор	3
Извештај за сеопфатната добивка	6
Извештај за финансиската состојба	7
Извештај за готовинските текови	8
Извештај за промените во капиталот	9
Белешки кон финансиските извештаи	10-26

Додатоци

Додаток 1 – Одговорност на раководството за составување на финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето
Додаток 2 – Годишна сметка за 2023 година
Додаток 3 – Годишен извештај за работењето во 2023 година

ТП ММ РЕВИЗИЈА Радовиш
Илија Алексов број 102
www.mmrevizija.mk e-mail: info@mmrevizija.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До

Раководството на
Јавно претпријатие за водостопанство ЛИСИЧЕ
Велес

Извршивме ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие за водостопанство ЛИСИЧЕ Велес (ЈПВ), составени од Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2023 година, Извештај за сеопфатната добивка, Извештај за промените во капиталот и Извештајот за готовинските текови за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки, вклучени на страните од 6 до 26.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи
Раководството на ЈПВ ЛИСИЧЕ Велес е одговорно за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи во согласност со сметководствените стандарди за финансиско известување кои се прифатени во Република Северна Македонија. Одговорноста вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола релевантна за подготвување и објективно презентирањена финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избирање и примена на соодветни сметководствени политики како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Одговорност на ревизорот
Нашата одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

Овие стандарди бараат ние да ја планираме и спроведеме ревизијата со цел да добиеме разумна сигурност дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибирање на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.
Зависно од расудувањето на ревизорот се избираат постапки вклучувајки ја и проценатa на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка. Со своите проценки на ризикот ревизорот ја испитува и разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и презентирање на финансиските извештаи на друштвото за да обликува ревизорски постапки кои се соодветни на околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на друштвото.
Ревизијата исто така вклучува проценка на користените сметководствени принципи и значајните проценки извршени од страна на раководството, а исто така и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.
Ние веруваме дека ревизорските докази кои ги прибравме се достатни и соодветни за да обезбедат разумна основа за нашето ревизорско мислење со резерва.

Основа за мислење со резерва

Како што е објавено во Белешката 6 кон финансиските извештаи, во рамките на останати приходи за 2023 година, ЈПВ има признаено приходи за примени дотации од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошниот текст МЗШВ) во износ од 21.628 илјади денари, кои всушност ги претставуваат исплатените рати по долгорочниот кредит кон Instituto De Credito Oficial Шпанија во износ од 20.774 илјади денари и камата во износ од 854 илјада денари, од страна на МЗШВ во име на ЈПВ ЛИСИЧЕ Велес. Од друга страна, за износот на овие приходи како што е обелоденето во Белешката 11-Нето приходи/расходи од финансирање и Белешката 18-Долгорочни обврски, кон финансиските извештаи, ЈПВ признало расходи за камата во износ од 854 илјада денари и намалување на обврските по долгорочниот кредит во износ од 20.774 илјади денари.

Нашето мислење е дека ваквото прикажување не е во согласност со барањата на Сметководствените стандарди кои се прифатени и се применуваат во Република Северна Македонија, особено МСС1-Презентирање на финансиските извештаи, како и МСС20 -Сметководство на државни поддршки и обелоденување на државна помош. Додека ЈПВ признавање на приходите го поткрепува повикувајќи се на точка 20 б од МСС1-Презентирање на финансиските извештаи,според која признавањето на приходите треба да ја одразуваат економската суштина на настаните и трансакциите, односно на финансиската реалност а не само во нивната законска и правна форма. Оваа од причина заради фактот што ЈПВ не остварува доволно приходи, а прашање е дали и во догледна иднина може да оствари такви приходи со кои самото би можело да го отплаќа долгорочниот кредит.

Согласно преамбулата 3 од Договорот за начин на искористување на кредитот склучен помеѓу Instituto De Credito Official од Кралството Шпанија и Министерството за финансии на Република Македонија, каде што како краен корисник се јавува ЈПВ, е наведено дека по ставањето во функција на ХС “Лисиче”, кое е извршено, потребно е ЈПВ Лисиче –Велес да ги обезбедува средствата од сопствени извори за враќање на кредитот.

Меѓутоа, согледувајќи ја реалната финансиска состојба и приходите кои ги остварува ЈПВ Лисиче Велес, МЗШВ од 2005 година па наваму ја превзема обврската на ЈПВ Лисиче Велес да го исплаќа кредитот кон кредитодавателот, при што за секоја исплата изготвува решение, конкретно во тековната година, решение број 102-2959/1 од 07.03.2023 година и решение број 102-2959/2 од 31.08.2023 година.

На мислење сме дека , заради почитување на барањата на Сметководствените стандарди за финансиско известување кои се прифатени и се применуваат во Република Северна Македонија, потребно е измена и дополнување на Договорот за начинот на искористување на кредитот во насока на усогласувања кои би одговарале на тековните настани и состојби. Истовремено потребна е соработка со МЗВШ и МФ како би се усогласиле трансакциите кои се вршат со одредбите од склучениот договор.

Мислење со резерва

Според нашето мислење, освен од ефектите споменати во поглавјето ,, основа за мислење со резерва,, доколку ги има, Извештајот за финансиската состојба дава вистинска и објективна слика за финансиската состојба на ЈПВ ЛИСИЧЕ Велес под состојба на 31.12.2023 година, како и резултатите од работењето и готовинските текови за годината која завршува со тој датум, се во согласност со Сметководствените стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Северна Македонија.

Извештај за други правни и регулативни барања

Раководството на ЈП исто така е одговорно за подготвувањето на годишниот извештај за работа во согласност со членот 384 од Законот за трговски друштва и членот 23 од Законот за јавни претпријатија.
Наша одговорност во согласно со Законот за ревизија е да изразиме мислење дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за 2023 година.

Нашата работа во однос нda годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Финансиските информации во годишниот извештај за работа се конзистентни, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на ЈПВ ЛИСИЧЕ Велес за годината што завршува на 31 Декември 2023 година.

Радовиш, 15.04.2024 година

Овластен ревизор*:*
Стојна Здравева

ТП ММ РЕВИЗИЈА Радовиш
Управител,
Стојна Здравева,

ЈПВ ЛИСИЧЕ Велес
ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
31 Декември 2023 и 2022 година

(во 000 МКД)

	Белешки	31.12.2023	31.12.2022
Приходи од продажба	5	22,318	22,867
Останати деловни приходи	6	24,211	24,265
Вкупни приходи		**46,529**	**47,132**
Потрошени материјали	7	2,082	2,228
Услуги со карактер на материјални трошоци	9	2,996	3,607
Трошоци за вработените	8	16,335	14,894
Амортизација	12	62,039	61,931
Вредносно усогласување	10	2	119
Останати деловни расходи	10	1,825	2,213
Вкупни расходи		**85,279**	**84,992**
Оперативна загуба		**-38,750**	**-37,860**
Финансиски приходи	11	0	457
Финансиски расходи	11	1,005	871
Нето приходи/расходи		**-1,005**	**-414**
Загуба пред оданочување		**-39,755**	**-38,274**
Данок на добивка	22	0	0
Загуба за годината		**-39,755**	**-38,274**

Овие финансиски извештаи се усвоени и одобрени за издавање од страна на УО на ден 5-ти мат 2024 година со Одлука број 02-120/4, и се потпишани во негово име од:

Шеф на финансов сектор
Ѓорги Аврамов

Директор
Панче Иванов

Составен дел на овој извештај се и објаснувачките белешки

ЈПВ ЛИСИЧЕ Велес
ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
31 Декември 2023 и 2022 година

(во 000 МКД)

	Белешки	31.12.2023	31.12.2022
Средства			
Нетековни средства			
Нематеријални средства	12	264	330
Материјални средства	12	3,011,137	3,071,818
Вкупно нетековни средства		**3,011,401**	**3,072,148**
Тековни средства			
Залихи	13	2,928	2,870
Побарување од купувачите	14,14а	8,184	7,266
Останати побарувања	15	126	314
Парични средства	16	1,512	1,934
Вкупно тековни средства		**12,750**	**12,384**
Вкупно средства		**3,024,151**	**3,084,532**
Главнина			
Основна главнина	17	2,932,869	2,932,869
Акумулирана добивка		273,527	311,800
Пренесена загуба од претходни години		-390,245	-390,245
Загуба за деловната година		-39,755	-38,274
Вкупно капитал и резерви	-	**2,776,396**	**2,816,150**
Нетековни обврски			
Долгорочни финансиски обврски	18	247,282	267,881
Тековни обврски			
Обврски спрема добавувачите	19, 19а	361	494
Обврски за примени аванси	20	0	6
Останати краткорочни обврски	21	61	0
Тековни даночни обврски	21	51	1
Вкупни обврски		**247,755**	**268,382**
Вкупно главнина и обврски		**3,024,151**	**3,084,532**

Овие финансиски извештаи се усвоени и одобрени за издавање од страна на УО на ден 5-ти мат 2024 година со Одлука број 02-120/4, и се потпишани во негово име од:

Шеф на финансов сектор

Ѓорги Аврамов

Директор

Панче Иванов

Составен дел на овој извештај се и објаснувачките белешки

ЈПВ ЛИСИЧЕ Велес
ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

(во 000 МКД)

	31.12.2023	31.12.2022
Парични текови од оперативни активности		
Нето загуба за финансиската година	**-39,755**	**-38,274**
Амортизација на материјалните и нематеријалните средства	62,039	61,931
Загуба корегирана за акумулираната амортизација	**22,284**	**23,657**
Зголемувања/намалувања на тековните средства и обврски		
Побарувања од купувачите	-918	-3,589
Останати побарувања	188	155
Залихи	-58	25
Обврски спрема добавувачите	-133	86
Обврски за примени аванси	-6	6
Тековни даночни обврски	50	1
Останати обврски	61	-1
Нето парични текови од оперативни активности	**21,468**	**20,340**
Парични текови од инвестициони активности		
Нематеријални средства	0	-330
Набавки или отуѓувања на материјалните средства	-1,291	-1,179
Нето парични текови од инвестициони активности	**-1,291**	**-1,509**
Парични текови од финансиски активности		
Долгорочни обврски	-20,599	-21,234
Нето парични текови од финансиски активности	**-20,599**	**-21,234**
Нето промени на паричните следства	-422	-2,403
Парични средства на почетокот од годината	1,934	4,337
Парични средства на крајот од годината	**1,512**	**1,934**

Шеф на финансов сектор
Ѓорги Аврамов

Директор
Панче Иванов

Составен дел на овој извештај се и објаснувачките белешки

ЈПВ ЛИСИЧЕ Велес
ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ (во 000 МКД)
За годините што завршуваат на 31 Декември 2023 и 2022 година

ОПИС	Состојба на 1 јануари 2023 година (во 000 мкд)	Зголемување (во 000 мкд)	Намалување (во 000 мкд)	Состојба на 31 декември 2023 година (во 000 мкд)
Основна главнина	2,932,869	0	0	2,932,869
Законска резерва	0	0	0	0
Реваloризациона резерва	0	0	0	0
Акумулирана добивка	311,800	0	-38,274	273,527
Пренесена загуба(-)	-390,245	0	0	-390,245
Исплатена дивиденда	0	0	0	0
Загуба за тековната година	-38,274	-39,755	38,274	-39,755
Вкупно главнина и резерви	**2,816,150**	**-39,755**	**0**	**2,776,396**

ОПИС	Состојба на 1 јануари 2022 година (во 000 мкд)	Зголемување (во 000 мкд)	Намалување (во 000 мкд)	Состојба на 31 декември 2022 година (во 000 мкд)
Основна главнина	2,932,869	0	0	2,932,869
Законска резерва	0	0	0	0
Реваloризациона резерва	0	0	0	0
Акумулирана добивка	350,795	0	-38,995	311,800
Пренесена загуба(-)	-390,245	0	0	-390,245
Исплатена дивиденда	0	0	0	0
Загуба за тековната година	-38,995	-38,274	38,995	-38,274
Вкупно главнина и резерви	**2,854,424**	**-38,274**	**0**	**2,816,150**

Шеф на финансов сектор
Ѓорги Аврамов

Директор
Панче Иванов

Составен дел на овој извештај се и објаснувачките белешки

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

1.ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Јавното претпријатие за водостопанство "Лисиче" (во понатамошниот текст ЈП) е основано во 1991 година, со основна цел водење на инвестицијата за изградба на ХС "Лисиче". Се до 1998 година, односно до донесувањето на Законот за води, тоа работи како самостоен правен субјект. Според Законот за води, претпријатието од 07. 07. 2001 год. формално правно функционира како подружница во склоп на ЈВП „Водостопанство на Македонија", но долго не останува во составот на единствениот водостопански систем во државата. Со Одлука на Владата на Република Македонија бр.23-4371/1 од 24. 07. 2001 год. ЈПВ "Лисиче" се основа како посебно јавно претпријатие за водостопанство, кое го наследува имотот и вработените на подружницата. Суштината на ваквата трансформација е во овозможувањето на поефикасно и поекономично водење на инвестицијата.
Денес, функционира како правен субјект, јавно претпријатие во државна сопственост кој управува со Браната со придружните објекти Лисиче и стопанисува со водите од истоимената акумулација. Согласно основачкиот акт на Владата на РМ и Статутот на ЈПВ Лисиче-Велес, претпријатието има приоритетна дејност со шифра 36.00: „Собирање, обработка и снабдување со вода“.
Основна дејност на ЈПВ Лисиче-Велес е да ги обезбеди потребните количини сурова вода наменета за водоснабдување на градот Велес и околните населени места. Нејзината реализацијата се извршува преку акумулирање на водите од реките Тополка и Врановска во акумулацијата Лисиче и испорака на потребните количини на сурова вода преку доводниот цевковод до Фабриката за преработка на вода во градот Велес.
Локацијата на која се наоѓа браната е на територијата на општина Чашка, во близина на селото Лисиче, на оддалеченост од околу 27 километри од Велес.
Со Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на Јавното претпријатие Лисиче-Велес бр.51-3700/1 од 26.07.2011 година, донесена од Владата на Република Македонија, дадена е на управување Акумулацијата ,,Младост“ и бетонската брана ,,Отовица“ со главниот потисен цевковод и делничниот цевковод.

Седиштето на претпријатието е на ул. Вардарска бб во Велес.

Електронската адреса за контакт на ЈП е: jpvlisice@gmailcom

До 6-ти декември 2023 година Управниот Одбор на ЈП го сочинуваат следниве членови:
1.Силвана Кржовска, претседател.
2.Славе Петров, потпретседател
3. Живорад Ќурчиев,член
4. Шаха Јусуфи, член
5. Ерхан Баки, член
6.Наил Мефаилоски, член
На 6-ти декември 2023 година со Одлука број 15-12925/1 на Владата на Република Северна Македонија. Силвана Кржовска се разрешува од должноста -член на Управниот одбор на ЈП Лисиче Велес. За вршител на должноста –член на Управниот одбор на ЈП Лисиче Велес се именува Лидија Николовска Ташковска.

Надзорниот Одбор го сочинуваат следниве членови:
1.Трајанка Петрова-Сакалиева, претседател
2.Елез Елезовски, член
3.Стојче Тренчевски, член
4.Кристина Ефремова, член.

Хидросистемот Лисиче е повеќенаменски објект за водоснабдување на населението во градот Велес и околните населени места, снабдување на индустријата со технолошка вода, наводнување на земјоделските површини по течението на река Тополка на 4.175 ха, како и наводнување од акумулацијата Младост на уште 1.600 ха од левата страна на реката Вардар.

Со оваа функција ќе се постигне редовно снабдување на населението со чиста вода за пиење, обезбедување на биолошки минимум на реката Тополка, ревитализација на езерото Младост и подобрување на микроклимата во регионот.Потребно е да се доврши изградбата на втората и третата фаза од хидросистемот, а тоа е изградба на хидромелиоративниот систем за наводнување, изградба на колекторски систем и пречистителни станици на реките Тополка и Врановска, како и изградба на три мали хидроцентрали за производство на електрична енергија.

Истовремено, предвидени се и инвестициски активности, кои се неопходни не само да се обезбеди континуитет во квалитетот на водната услуга која се реализира согласно постојните стандарди и актуелни законски прописи, туку и за да се обезбеди нејзино подобрување, осовременување, зголемување на ефикасноста во работењето, како и унапредување и заштита на животната средина.

1.1. Тековни економски политики

ЈПВ Лисиче Велес, тековната економска политика ја усогласова со своето финансиско и тековно инвестиционо работење, кое е определено согласно позитивните законски прописи на ниво на државата, Статутот и актите на претпријатието , како и други важечки одредби и правни норми кој се во сила и истите се во функција за придонесување на стабилен економски развој.

Согласно одредбите на Законот за јавни претпријатија и актите на претпријатието, ЈПВ Лисиче Велес има обврска да изготви Годишна инвестициона програма за работа и Финансиски план за секоја наредна година, но исто така потребно е да се изготват и среднорочни и долгорочни планови за развој.

1.2. Регионален и одржлив развој

Хидросистемот Лисиче кој предвидува целосна изграденост вклучително со сите три фази на изградба, да опфати површина за наводнување од вкупно околу 4.000 до 5.000 хектари, кој се протегаат од течението на реката Тополка од акумулацијата на брана Лисиче, па се до левата страна на реката Вардар, односно од акумулацијата на езерото Младост. Со тоа ќе се создадат услови за развој на земјоделието и индустријата, ќе се подобри микроклимата во регионот и ќе се збогати флората и фауната во самите акумулации.

За периодот 2021 – 2023 год. ЈПВ Лисиче изработи среднорочен Бизнис план, каде што покрај искористување на водните ресурси за испорачани услуги за вода за пиење и испорака на вода за наводнување, се предвидени и сите инвестиционите активности кој треба да се реализираат во тој период.

1.3. Следење и анализа на државни стратегии, конкурентност, деловна клима и координација на проекти помогнати од меѓународна заедница

ЈПВ Лисиче Велес како јавно претпријатие основано од Владата на Република Македонија, има обврска да ја следи редовно државната стратегија, стратешките планови и програми, препораки и насоки на делување, краткорочни и среднорочни планови и проекти, акциони планови, тековните и економски политики и истите ги прилагодува согласно донесените одлуки и заклучоци.

1.4. Структурни реформи и регулатива

Со донесувањето на Законот за утврдување на цените на водните услуги (Службен весник на РМ бр. 7/2016) , како и Методологијата за определување на тарифите на водна услуга (Службен весник на РМ бр. 63/2017) , се изработи Бизнис план за водни услуги на ЈПВ Лисиче 2021 – 2023 год., пропратен со соодветни табели согласно донесената методологија за утврдување на цената на суровата вода за пиење во наредните три години.

По доставувањето на барањето за утврдување на тарифа за водни услуги до Регулаторната комисија за енергетика и изработениот Бизнис план за водни услуги за регулиран период 2021 -2023 год. ни беше доставено Решение за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението, врз основа на тоа решение се изготви Ценовникот за висината на цената на суровата вода наменета за водоснабдување на населението на ЈПВ Лисиче Велес кон ЈКП Дервен Велес кој е донесен од Управниот одбор на ден 29.06.2020 год. по Решение од Регулаторна комисија за енергетика на РМ бр. УП1 08-40/20 од 18.05.2020 год., усвоен со Одлука за давање на согласност од Владата на РМ бр.44-4472/1 од 29.09.2020 год. и објавен во Службен весник на РМ бр.133 од 22.05.2020 година.

1.5. Јавно приватно партнерство и инвестиции

Треба посебно да се истакне нашата заложба за изградба на мали хидроцентрали кој се составен дел на хидросистемот во целина, која дејност е најдоходовна, временскиот интервал за поврат на инвестицијата е краток, така да со оваа инвестиција значително ќе се подобри финансиската состојба на претпријатието.

Во таа насока, согласно веќе изработената Физибилити студија за енергетско искористување на водите од Хидросистемот Лисиче, планираме согласно препораките на Владата на РМ да се отпочне со постапка за Јавно приватно партнерство за изградба на две мали хидроцентрали на постојниот хидросистем и тоа МХЕЦ Врановска и МХЕЦ Биолошки минимум. Препорака на Владата на РМ е да се стават во мирување овие активности.

Со имплементација на проектот финансиран преку KFW банката за довршување на втората и третата фаза, предвидено е да се изградат три мали хидроцентрали и тоа: МХЕЦ на река Врановска, МХЕЦ Биолошки минимум и МХЕЦ Водоснабдување.

1.6. Стручно-оперативна поддршка

Во рамките на ЈПВ Лисиче-Велес се користи информациониот сметководствен програм Luca од фирмата Комсофт од Скопје со следните модули: финансиска оперативa, главна книга, магацинска евиденција, материјално книговодство, плати и основни средства, како и Синоптик системот за следење и регулирање на нивото, дотокот и испустот на вода од акумулацијата на брана Лисиче.

Карактеристики на сметководствениот програм од Комсофт и неговите модули:

- Финансиска оперативa-внес на аналитика на побарувања и обврски;
- Главна книга-налози за книжење поврзано со финансиска оперативa, плати, основни средства, трошоци, приходи, подготовка на извештаи;
- Магацинска евиденција-аналитика на влез и излез на материјали;
- Материјално книговодство-поврзување на документите од магацинска евиденција со аналитика на магацин и главна книга;
- Плати-внес на податоции изработка на плата;
- Основни средства-внес на основни средства, амортизација, расход.
- Попис и расходување на основни средства, ситен инвентар, репроматеријали и резервни делови.

Модулите даваат можност за финансиски показатели и информации од дневен, неделен, месечен и периодичен карактер и се неопходна основа при изработката на тромесечни, шестмесечни и годишни извештаи за работењето, кои се доставуваат до надзорниот и управниот одбор на претпријатието, како и до неговиот основач - Владата на Република Македонија.

1.7. Човечки ресурси и кадрова политика

Во ЈПВ Лисиче-Велес постојат два сектора:

- Технички сектор
- Сектор за финансиски, правни и општи работи

Вкупниот број на вработени на неопределено време заклучно со 31.12.2023 година е 26 лица, и по договор за дело 1 лице (2022: 27 вработени лица).

Во Правилникот за систематизација на работните места предвидени се вкупно 32 работни позиции или 49 извршители за кој во наредниот период планираме дел да бидат пополнети со нови вработени, додека дел ќе се пополнат со унапредување на вработените.

Функционалните области во рамки на двата сектора ги сочинуваат:

- Финансии и сметководство
- Управување со човечки ресурси и општо правни работи
- Спроведување на постапки за јавни набавки
- Градежништво и водостопанство
- Електро машински работи
- Микробиолошка и физичко хемиска лабораторија
- Контрола и следење на Синоптик опремата
- Одржување, обезбедување и помошни работи на објектите
- Следење на социјални аспекти при спроведување и реализација на проекти.

1.8. Правни работи

Во рамките на претпријатието постои одделение за општо правни работи и човечки ресурси, каде покрај вршењето на стручно административни и нормативно правни работи согласно законските прописи и правни акти , неопходно е планирање на стратегија за спроведување на политика на континуирано усовршување на вработените и тоа:

- Подобрување на организационата поставеност и одговорност во извршувањето на работните обврски
- Проверка и унапредување на знаењето, преку организирање на обуки, семинари, работилници и сл.
- Постојано следење на измените на законските прописи и следење на техничко технолошките иновации.
- Исполнување на неопходниот фонд на часови обука за овластени сметководители, како и неопходни обуки за јавните набавки
- Стекнување на потребните звања, полагање на задолжителните испити за добивање на сертификати и лиценци.
- Спроведување и имплементација на процедурите од ISO 9001 стандардите, како и имплементација на нови стандарди и процедури.
- Обука и континуирано усовршување на вработените за контрола и следење на SKADA системот.

1.9. Финансиски прашања и јавни набавки

Во склоп на Секторот за финансиски, правни и општи работи постојат две одделенија и тоа 1.*Одделение за финансии* и 2.*Одделение за општо правни работи и човечки ресурси*, каде што се водат постапките за спроведување на јавните набавки врз основа на донесениот План за јавни набавки и нивна реализација по квартали.

2.ОСНОВА ЗА ПОДГОТОВКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Сметководствените политики на претпријатието е во согласност со актуелните законски прописи. Евиденцијата на сите деловни настани се води аналитички според Правилникот за сметковниот план и содржината на одделните сметки во сметковниот план (Сл. весник на РМ 174/11). Основа за подготовка на годишната сметка на претпријатието е согласно Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ бр.28/04 ,84/05 ,25/07, 87/08, 42/10, 48/10 и 24/11) и Правилникот за водење на сметководството (Сл. весник на РМ бр. 159/09,164/10 и 107/11) – Меѓународни сметководствени стандарди МСС, како и Меѓународните стандарди за финансиско известување МСФИ. Годишната сметка е изготвена со примена на методата на набавна вредност и принципот на континуитет во работењето, па истата ги содржи Билансот на состојбата – извештај за финансиската состојба и Билансот на успех- извештај за добивка или загуба од финансиското работење.

Основното начело на искажувањето на податоците во финансиските извештаи и деловните книги на Претпријатието е точното и фер презентирање на средствата, обврските, основната главнина, приходите, расходите и резултатите од работењето на Претпријатието.
Сметководствените политики се применуваат конзистентно и доследно се до моментот додека не се донесе друг акт кој ги уредува овие прашања.
Финансиските извештаи се поединечни.
Валута на презентација : Финансиските извештаи се презентирани во денари (МКД).

3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

3.1 ПОЛИТИКА НА НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Нематеријално средство е определено немонетарно (непарично) средство кое нема физичка содржина и кое се користи за производство или испорака на стоки или услуги, за изнајмување на други лица, или за административни цели. Средствата по својата суштина претставуваат ресурс кој е контролиран од страна на Претпријатието како резултат на минати настани (на пример: набавка или интерно создавање) и од кој се очекува прилив на идни економски користи за Претпријатието (прилив на парични средства или на други средства).

Претпријатието стекнува, ги одржува или унапредува нематеријалните ресурси како што се научните и стручните сознанија, дизајнирањето и имплементацијата на нови процеси или системи, лиценци, интелектуални ресурси, познавање на пазарот и заштитни знаци (вклучувајќи марки на производот и издавачки наслови), компјутерски софтвери, патенти, авторски права, играни филмови, список на купувачи, услужни права за хипотеки, дозволи за ловење риба, увозни квоти, франшизи, меѓусебни односи со купувачите или снабдувачите, лојалност на купувачите, учество на пазарот и маркетиншки права.

Одредено средство за да добие третман на нематеријално средство согласно МСС 38 треба да ги исполни, односно да задоволи три клучни услови:

-можност за идентификација;
-можност за контрола; и
-идни економски користи.

Претпријатието може да признае нематеријално средство до колку:

а) Е веројатно дека идните економски користи, кои му се припишуваат на средството, ќе бидат прилив кон Претпријатието; и

б) Трошоците за набавка (стекнување) на средството може веродостојно да се измерат.

Стекнувањето на нематеријалните средства може да биде со:

-посебно стекнување;
-стекнување како дел од деловно спојување;
-државна поддршка;
-размена на средства;
-сопствено создавање (интерно креирање).

Набавната вредност на нематеријалното средство покрај фактурната вредност ја сочинуваат и сите увозни давачки, даноци како и издатоци направени за правни услуги (на пример хонорарот исплатен на ангажираните адвокати). Набавната вредност не ги опфаќа трговските попусти и рабати.

За нематеријалното средство кое е стекнато со деловно спојување, набавната вредност е неговата објективна (фер) вредност на датумот на стекнување, утврдена според цените на активен пазар.

До колку за нематеријалните средства нема активен пазар тогаш се зема цената на последно извршената слична трансакција под услов да нема значајни промени на економските услови во периодот од таа трансакција до денот на поценката.

Нематеријалните средства стекнати преку размена на средства се вреднуваат по објективната фер вредност на дадените средства прилагодена со износот на дадените пари и паричните еквиваленти.

Вреднувањето на нематеријалните средства по нивната набавка се искажува по набавна вредност или цената на чинење намалена за вкупниот износ на пресметаната амортизација и вкупниот износ на загубата поради обезвреднување, односно намалување на вредноста.

Нематеријалните средства се амортизираат врз систематска основа според најдобрата проценка на нивниот корисен век на употреба.

Амортизацијата на нематеријалните средства се врши по пропорционална метода.

Нематеријалните средства се амортизираат по стапка од 20%.

Амортизацијата на нематеријалните средства за кои е склучен договор за користење, се амортизира за време додека трае договорот.

Алтернативна постапка:

Вреднувањето на нематеријалните средства по нивната набавка се искажува по ревалоризиран износ кој претставува фер вредност на денот на ревалоризацијат анамелен за вкупниот износ на пресметаната амортизација и вкупниот износ на загубата поради обезвреднување, односно намалување на вредноста. За потребите на ревалоризацијата фер вредноста се одредува според вредноста утврдена на активен пазар.

Ефектот од зголемување на вредноста се евидентира како ревалоризациона резерва.

Меѓутоа позитивниот ефект од ревалоризацијата се признава како приход кој е еднаков на негативниот ефект од ревалоризацијата на истото средство за кое претходно бил признат расход.

Во случај кога со ревалоризацијата ќе се утврди помала вредност негативниот ефект од ревалоризација се надоместува најнапред врз товар на ревалоризационите резерви за тоа средство. Ако негативниот ефект е поголем од ревалоризационите резерви се товарат расходите на периодот.

Основицата за амортизација на нематеријалните средства е фер вредноста по одбивка на преостанатата вредност. Новата проценка на преостанатата вредност се врши на денот на секоја ревалоризација.

Издатоците за истражување и развој не се признаваат како нематеријално средство, туку тие се признаваат како расходи во периодот во кој настануваат.

3.2 ПОЛИТИКА НА ДОЛГОРОЧНИ МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Градежните објекти, постројките, опремата, алатот, погонскиот и канцеларискиот инвентар, мебелот и сличните материјални средства при првото евидентирање во деловните книги се искажуваат според трошоците на набавка.

Во трошоци за набавка во недвижности, постројки и опрема спаѓаат: фактурната вредност, царината и увозните давачки, даноци кои не можат да се рефундираат , директните трошоци во врка со доведувањето на средството во работна состојба (трошоци за транспорт, шпедитерското осигурување, утовар, истовар, претовар, трошоци за монтажа, трошоци за подготовка на градилиштето, трошоци за испорака и пренос, трошоци за инсталирање, хонорарите за стручни лица и слични трошоци кои можат да му се припишат на вложувањето).

Во набавната вредност не се вклучуваат попустите и рабатите.

Цената на чинењето за основното средство што се изработува во сопствена режија, се утврдува врз основа на истите начела како и за набавка на основното средство.

Административните и другите општи режиски трошоци не се елемент на набавната вредност на долгорочните материјални средства.

Дополнителното вложување во недвижности, постројки и опрема се капитализира, односно може да се смета за инвестиција и да и се додаде на набавната вредност на оние средства на кои ќе се пресметува амортизација на преостанатиот проценет век на употреба само ако со тоа вложување:

- се продолжува векот на употреба на основното средство;
- се зголемува капацитетот;
- се подобрува квалитетот на производот или значително се намалуваат трошоците на производство.

Материјалните средства набавени пред 1 јануари 2004 година кои се искажани по ревалоризирана вредност во согласност со прописите за сметководство, Претпријатието оваа вредност на 1 јануари 2005 година ја презема како затекната нова набавна вредност намалена за исправката на вредноста врз основа на амортизацијата.

Вреднувањето на материјалните средства по набавката се искажуваат по набавната вредност или по цената на чинење, намалена за вкупниот износ на пресметаната амортизација и вкупниот износ на пресметаната амортизација и вкупниот износ на загубата поради обезвреднување, односно намалување на вредноста.

Алтернативна постапка*:*

Вреднувањето на материјалните средства по нивната набавка се искажува по ревалоризиран износ намален за вкупниот износ на пресметаната амортизација и вкупниот износ на загубата поради обезвреднување, односно намалување на вредноста.

Ревалоризацијата се спроведува редовно со цел да се искаже фер вредноста на средствата на денот на Билансот на состојбата.

Фер вредноста на материјалните средства е нивната пазарна вредност која се утврдува со проценка од овластени проценители. Ако не постои доказ за пазарната вредност заради специфичноста на одредени средства и заради тоа што ретко се продаваат тие се проценуваат по трошоците за замена.

Ревалоризацијата се спроведува на сите средства во групата во која припаѓа тоа средство. Ревалоризацијата на материјалните средства ќе се врши секои 3 или 5 години во зависност од промената на вредноста.

Основицата за амортизација на материјалните средства е набавната вредност или цената на чинење по одбивање на преостанатата вредност. Ако преостанатата вредност на средството е беззначајна се смета дека е еднаква на нула.
Материјалните средства се амортизираат по пропорционална метода и според векот на употреба утврдени се следниве стапки за амортизација:

Опис	Корисен век (години)	Стапка
- градежни објекти	40 и 33	2,5% и 3%
- опрема и посторјки	20 и 10	5% и 10%
- мебел и канц.опрема	5	20%
- компјутерска опрема	4	25%
- превозни средства	4 и 10	25% и 10%

Авансите за материјални средства во подготовка се искажуваат во номинална вредност заедно со пресметаната камата согласно склучениот договор.
Материјалните средства во подготовка се искажуваат според вредноста на извршените вложувања до крајот на деловната година. Материјалните средства во подготовка се отпишуваат во целост кога Претпријатието ќе заклучи дека се откажува од таквото вложување.
Материјалните средства (алат и слично т.н. ситен инвентар) чија поединечна набавна вредност е помала од 500 евра во денарска противвредност на денот на набавката и чиј корисен век е подолг од една година, веднаш се признаваат како расход при давањето во употреба.

3.3 ПОЛИТИКА НА ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ

Вложувања во недвижности (земјиште или згради - или дел од згради -или и едно и друго) е кога Претпријатието како сопственик или корисник на финансиски лизинг ги држи заради остварување приходи од издавање на недвижностите или заради зголемување на капиталот или заради и едно и друго.
Вреднувањето на вложувањето во недвижности е по набавна вредност или цената на чинење.
Вреднувањето на вложувањето во недвижности по нивната набавка се искажува по набавна вредност или по цената на чинење, намалена за вкупниот износ на пресметаната амортизација и вкупниот износ на загубата заради обезвреднување, односно намалување на вредноста.

Алтернативна постапка:
Вреднувањето на вложувањата во недвижности по нивната набавка се врши по пазарна вредност. Загубата или добивката настаната заради промената на вредноста се вклучува во нето добивката, односно нето загубата.
Амортизацијата на вложувањето во недвижности (згради и дел од згради) се пресметува по пропорционална метода, според проценетиот век на употреба.
На вложувањата во недвижности (земјиште) се врши вредносно усогласување по пазарни цени на земјиштето по класи по катастарски општини, донесени од Советите на општините.

3.4 ПОЛИТИКА НА ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Долгорочните хартии од вредност можат да бидат должнички (обврзници, варанти, фјучерси, опции и други) и сопственички (обични акции и приоритетни акции).
Од аспект на вложувањата хартиите од вредност се категоризираат:

- хартии од вредност расположиви за продажба;
- хартии од вредност кои се држат до доспевање за наплата; и
- хартии од вредност со кои се тргува.

Промената на вредноста на хартиите од вредност кои се расположиви за продажба се вклучува во нето добивката или загубата на периодот во кој ќе настане промената.

Хартиите од вредност кои се држат до доспевање за наплата се евидентираат по набавна вредност.
Амортизираната вредност е набавна вредност намалена за отплата на главнината корегирана за секоја разлика меѓу набавната вредност и износот на достасаност и намалена за било кој отпис заради обезвреднување или ненаплата.
Хартиите од вредност со кои се тргува се искажуваат по пазарна вредност вклучувајќи ја нето добивката или загубата во периодот во кој настанува.

3.5 ПОЛИТИКА НА ДОЛГОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

Дадените кредити, депозити и кауции се искажуваат во номинални износи зголемени за каматата според договор односно затезна камата.
Долгорочните побарувања од други друштва, врз основа на продажба на кредит и останатаи побарувања се искажуваат во номинални износи зголемени за каматата во согласност со склучениот договор.
Исправката (намалувањето на вредноста) на побарувањата се спроведува во периодот на осознавање за неможност за наплата на делот или вкупното побарување, на товар на расходите од истиот период.
Отписот на побарувањата се спроведува само во случај кога за тоа ќе донесе одлука.

3.6 ПОЛИТИКА НА ЗАЛИХИ

Залихите ги опфаќаат:

- трговските стоки набавени и се чуваат за препродажба (вклучувајќи ги и трговските стоки за продажба на мало), земјиштето и други недвижности кои се чуваат заради препродажба;
- готовите производи кои ги произведува Претпријатието;
- недовршеното производство; и
- основните и помошните материјали.

Залихите на трговската стока се искажуваат по набавната вредност. Во набавната вредност покрај фактурната вредност се вклучуваат трошоците за превоз, утовар, растовар, даноците кои не можат да се рефундираат и други трошоци неопходни за доведување на залихите на состојба.
Пресметката на продажбата се врши по метод на просечни цени.
Напомена: Ако залихите се водат по продажна цена се пресметува разлика во цена.

Алтернативна постапка:

Пресметката на продажбата на трговската стока се врши по метод ФИФО (прва влезна прва излезна).
Залихата на материјали се искажува по набавна вредност или цената на чинење, односно нето продажната вредност во зависност која е пониска.
Во набавната вредност или цената на чинење се вклучуваат сите трошоци на набавката, односно трошоците на производство (конверзија) и другите трошоци неопходни за доведување на залихите на состојба.
Попустите и рабатите не се вклучуваат во набавната вредност.
Пресметката на потрошокот на материјали се врши според методот на просечни цени.

Алтернативна постапка: (за став 4)

Пресметката на потрошокот на материјали се врши по метод ФИФО (прва влезна прва излезна).
Залихите на недовршеното производство и готовите производи се искажуваат по цена на чинење, односно по нето продажната вредност во зависност која е пониска.
Трошоците на производство ги опфажаат трошоците кои се директно поврзани со единица производ. Исто така ги опфаќаат и фиксните и варијабилните општи трошоци кои настануваат и се поврзани директно со производството и готовите производи.
Во трошоците на производство и готови производи не се вклучуваат: невообичаени износи на растур на материјали, труд и други производни трошоци; трошоци за складирање, освен оние трошоци кои се неопходни во производниот процес за натамошната фаза на обработка; административни општи трошоци кои не придонесуваат да се додадат залихите на постојана локација; трошоците на продажба, курсните разлики, трошоците за камати, освен од точката 15 од МСС 2.

За пресметка на производството Претпријатието води посебна аналитичка евиденција за сите трошоци кои се вклучуваат во вредноста на производството и готовите производи.
